**Скопски Легури Мајнинг ДООЕЛ Скопје вработува КОМЕРЦИЈАЛИСТ**

Главни одговорности и обврски:

- Постапување по барањата доставени од други служби за набавки на материјали и услуги и тоа: прием на барања, евидентирање на барање, обезбедување понуди, и профактури, одговор на добиени понуди, учество во подготовка на деловен (комерцијален) Договор, формирање на приемница за набавената стока, прием и контрола на добиена фактура, формирање на и извештај за реализирано барање;
- Организирање и одржување средби со добавувачи;
- Подготовка на конкурентски листи за тендерна процедура;
- Следење на состојби за коминтенти и подготовка на извештаи;
- Организирање царинење на стоки од увоз, контактирање со царинските посредници и обезбедување на потребна документација;
- Врши други работи и задачи по налог на претпоставениот раководител.

Очекувани квалификации, потребни знаења и способности:

- Завршено високо образование од област на економска и или техничка струка;
- со и без искуство, искуство за работа во областа на набавки ќе се смета за предност;
- Познавање и активно користење на пишан и говорен англиски јазик;
- Одлични интерперсонални и комуникациски способности, позитивен однос и одговорност кон работата;
- Педантност и ажурност при извршување на работните задачи;
- Спремност за обука и унапредување на своето знаење;
- Способност за тимска и индивидуална работа;
- Напредна работа во програми Word, Excel, Powerpoint;
- Основно познавање на Инкотермс.

Компанијата нуди:

- Соодветен паричен надоместок за работа со редовно работно време од 40 часа неделно + дополнителен бонус, зависно од успешноста во извршувањето на работните задачи;
- Обезбеден и платен топол оброк;
- Годишен одмор од 24 работни дена;
- Работа во интернационална компанија, динамично работење исполнето со нови предизвици и можности за стекнување нови искуства, вештини и напредување во кариерата.

Сите заинтересирани апликанти, Ве покануваме да ја доставите вашата биографија на следниот емаил : **kontakt.slmajning@gmail.com** со назнака за - Оглас за комерцијалист,

Апликациите ќе се прифаќаат до 20.12.2024 година.

Само потесно селектирани кандидати ќе бидат контактирани.
Ви благодариме за Вашиот интерес.